# ПРЕДГОВОР НА УРЕДНИКОТ

Почитувани читатели,

Меѓународното научно списание „Безбедносни дијалози" кое егзистира пет години, влегува во шестата година од своето постоење. Од овој број уредувачката улога ја преземаат доц. д-р Тања Милошевска како главен и одговорен уредник и доц. д-р Горан Зенделовски како заменик уредник на списанието. Ја користам оваа можност да им изразам благодарност на претходните уредници проф. д-р Биљана Ванковска, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Тони Милески и проф. д-р Митко Котовчевски за зародишот и успешниот растеж на ова научно списание кое е етаблирано на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

Воедно, во изминатиот период, постигнати се видни резултати на полето на меѓународно индексирање на меѓународното научно списание „Безбедносни дијалози" во одредени бази на научни списанија. Овој тренд претставува поттик за натамошна софистикација на процесот на рецензирање, подобрување на уредувачката политика, техничката подготовка и сл.

Во првиот број за 2015 година читателите ќе имаат можност да прочитаат научни анализи за современи безбедносни настани на национално, регионално и на светско ниво. Првиот труд се фокусира на семејното насилство кое се уште претставува безбедносен проблем за огромен дел од популацијата. Ова истражување ги испитува врските помеѓу ставовите кон родовата еднаквост дефинирани како традиционален и модерен сексизам, стресот кој настанува заради потребата за придржување кон маскулината улога и прифаќањето на погрешните уверувања (митови) за семејното насилство кај мажи од општата популација. Трудот "Предизвици со кои соочува системот за образование и обука во одбраната" се однесува на проблематика која ги проучува новите услови кои бараат да се инвестира во образованието, критичко размислување, нови наставни програми и наставни методи за активно учење, со цел да се создаде нова генерација на воени и цивилни лидери. Интересна анализа нуди трудот за феноменот на тероризмот, односно теоретската и практичната важност за разбирање на овој феномен.

Фреквентната анализа која е применета во овој труд покажува кои елементи се најчести во дефинициите на поимот тероризам, но и детектира нови елементи. Во продолжение, можете да прочитате труд кој се однесува на заштита на бизнис тајните и личните податоци. Авторите посочуваат дека е битно секој вработен да има безбедносна култура, попрецизно знаење од областа на заштита на бизнис тајните. Следува труд кој преку разгледување на надворешната политика на ЕУ дава анализа дека унапредувањето и почитувањето на човековите права, демократијата и владеењето на правото на Европската Унија се темел за одржлив мир и просперитет на секое општество и на светот во целина.

Шестиот труд во ова издание се обидува да одговори на прашањето „Кој може да ги спроведе реформите во одбраната", во контекст кога се чини дека институционалниот интегритет, без оглед на природата на современите предизвици и развојот на граѓанското глобално општество и социјалните медиуми и движења претставува една од клучните основи, предуслови и перспективи на одбранбено – безбедносното организирање. Интересна анализа нуди трудот „Недржавните актери и нивното влијание во креирање на надворешната и внатрешна политика на државите". Текстот е обид да се демистифицира улогата на недржавните актери во креирањето на внатрешната и надворешната политика на државите како и нивното место во трансформирање на меѓународниот систем на управување. И на крај, читателската публика на „Безбедносни дијалози" ќе може да прочита труд кој го објаснува управувањето со ризици од катастрофи, состојбите и перспективите во Република Македонија. Во таа насока авторот формулира предлог за преземање на сите потребни активности за воспоставување и одржување на организиран и институционален систем за следење, проценување и управување со сите актуелни и потенцијални ризици по безбедноста и безбедноста на граѓаните.

Со почит,

Доц. д-р Тања Милошевска

Главен и одговорен уредник

PREFACE BY EDITOR

Dear Readers,

International scientific journal "Security dialogues" which exists five years, comes in the sixth year of its continuation. In the meantime, in this issue the editing position has been taken over by Ass. Prof. Tanja Miloshevska as the Main Editor and Ass. Prof. Goran Zendelovski as the Executive Editor of the Journal. I am using this opportunity to express my gratitude to the previous Editors, Professor Biljana Vankovska, Professor Oliver Bakreski, Professor Toni Mileski and Professor Mitko Kotovchevski, for the foundation and successful pulse of this scientific journal, which is established at the Institute for Security, Defense and Peace at the Faculty of Philosophy, Skopje.

In addition, during the past period it were accomplished prominent results in the field of international indexing of the international scientific journal "Security dialogues", in various bases of scientific journals. These trends represent a challenge for further sophistication of the process of reviewing, quality of editorial policy, technical training etc.

In the first issue for 2015 readers will be able to read scientific analyzes of contemporary security events at national, regional and global level. The first paper is focused on domestic violence, which remains a leading human security problem for the vast majority of the population. This study explored the relationships between attitudes towards gender equality (operationalized as old-fashioned and modern sexism) masculine gender role stress, and domestic violence myths acceptance among men in general population. The paper "Challenges facing the education and training system in the defence" deals with issues about new conditions which require investments in education, critical thinking, new curricula and teaching methods for active learning in order to create a new generation of military and civilian leaders. Interesting analysis present paper about phenomenon of terrorism, particularly, the theoretical and practical meaning for understanding of this phenomenon. The frequency analysis, which is applied in this paper, shows which of the elements are most commonly used for defining terrorism, and is detecting new elements. In continuance, you can read a paper in relation to protection of business secrets and personal data. The authors stressed that is important that every employee possess a security culture, i.e. knowledge in the area of business protection. Next paper is focused on EU foreign policy, which provides analysis that the promotion and respect of human rights, democracy, and rule of law are the cornerstones of sustainable peace and prosperity for any society, as well as for the world in general. The sixth paper in this edition is trying to answer the question: "Who can carry out defence reforms?" in the context, when it seems that the institutional integrity, regardless of the nature of modern challenges and the development of the global civil society, social movements, and media, is one of the key foundations, conditions, and prospects of the defense - security organization. Remarkable study offers us a paper "Non-state actors and their Influence in the creation of external and internal politics of states".

The text is a attempt to demystify the role of non-of-State actors in the creation of internal and external politics of states as well as their place in the process of transformation of international system of conduct and rule. As a final point, the readership of “Security Dialogues”, can read a paper that explicate disaster risk management, situations and perspectives in Republic of Macedonia. In this sense, author formulate a suggestion of all necessary actions needes for establishing and maintaining an organized and institutionally based system for monitoring and management of all current and potential risks for their safety and the safety of its citizens.

Sincerely,

Ass. Prof. Tanja Miloshevska

Editor in Chief